# ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ СТАНИЦА П.Е.Т. ПРИЛЕП

## Стратешки план 2024 - 2025

ул.Прилепски бранители бр.24/1 - мезанин
7500, Прилеп
e-mail: stanicapet@gmail.com
web: https://stanicapet.org.mk/
Facebook: https://www.facebook.com/stanicapet/
Тел.бр: +389 76 278 753

# СОДРЖИНА


**Вовед** .......... 2

**ЗА НАС** .......... 3

**Клучни стратешки цели на станица ПЕТ 2024-2025** .......... 6

**Програми** .......... 9

**Социјално претпријатие „КЛУБ ПЕТ“** .......... 10

**Планирање, мониторинг и евалуација** .......... 12

**Финансиски план 2024-2025** .......... 12

**Анализа на ризици, мерки и активности** .......... 13

# ВОВЕД

Почитувани,

Стратешкиот план на Здружение за правна едукација и транспарентност Станица ПЕТ за периодот 2024 – 2025 година беше изготвен со учество на тимот на здружението, промоторите во заедницата, целата организациска структура, како и сите клучни засегнати страни и корисници на нашите услуги, по спроведени претходни консултации.

За време на неговото изготвување беа земени предвид потребите и клучните проблеми на корисниците на нашите услуги, како и правната рамка за здруженијата на граѓани, светските трендови и постојаната потреба за заштита и промовирање на целите на граѓанскиот сектор.

Клучните точки врз кои се заснова нашиот стратешки план и нашата работа се:

- Правно зајакнување и пристап до правда за маргинализираните заедници
- Поттикнување на граѓаните во остварување на нивните права
- Правна едукација на граѓаните
- Застапување за справување со најитните прашања со кои се соочуваат нашите целни групи.

Здружението Станица ПЕТ ќе ги вложи сите свои капацитети за да ги спроведе планираните активности и цели преку континуирано промовирање и заштита на правата на сите граѓани подеднакво, а особено на маргинализираните заедници. За таа цел, ќе се стремиме да ги промовираме, унапредиме и заштитиме правата на граѓаните, да ги поттикнеме да ги остваруваат нивните права, да се едуцираат и да се застапуваат пред релевантните институции на локално и национално ниво.

Ние ќе продолжиме активно да работиме на подобрување на правните услуги на здружението и силно да се залагаме за подобра соработка помеѓу граѓанскиот сектор и институциите и подобрување на нивната транспарентност и отчетност.

Весна Шапкоски

Извршна директорка

на Здружение Станица ПЕТ

# ЗА НАС

Здружението СТАНИЦА П.Е.Т. е грас-рут организација фокусирана на правно зајакнување и пристап до правда за маргинализираните заедници, особено за ромските и руралните заедници во Северна Македонија. Во нашата работа ние го користиме пристапот заснован на заедницата за да ги поттикнеме граѓаните во остварувањето на нивните права, особено фокусирајќи се на здравствените и социјалните права, како и домувањето, животната средина, граѓанското учество во демократските процеси на локално ниво, транспарентноста и отчетноста на институциите и др.

Како такви, обезбедуваме правна и параправна помош и правна едукација, фасцилитираме активности на терен, мобилизација на заедницата и застапување за справување со најитните прашања со кои се соочуваат нашите целни групи. Нашиот тим се состои од правници, параправници и здравствени промотори во заедницата, кои работат заедно и заемно ги унапредуваат своите знаења и пракса. Како грас-рут организација ги спроведуваме нашите активности не само во канцеларијата на организацијата лоцирана во градот Прилеп, туку и преку мобилна канцеларија која патува низ три рурални области (Мариово, Кривогаштани и Долнени) како и преку онлајн/телефонска комуникација. На ваков начин, годишно обезбедуваме околу 1200 услуги и ангажираме повеќе од 100 претставници од заедниците, различни групи и институции во активности на терен. Моментално во здружението, ангажирани се вкупно 10 лица со договор за вработување/хонорарно ангажирани лица и 22 волонтери, кои активно работат на остварување на целите на здружението.

Исто така, посветени сме на олеснување и посредување во комуникацијата и соработката меѓу граѓаните и институциите на локално ниво, како и зголемување на граѓанското учество во процесите на донесување одлуки. Здружението е основано во 2018 година и од тогаш во континуитет реализира проекти поврзани со зајакнување на заедницата и застапување за промени.

Самиот термин “станица” е место каде што луѓето секогаш можат да се обратат, а зборот “ПЕТ” е акроним и означува правна едукација и транспарентност. Ова значи дека ова здружение е место каде сите граѓани можат да бидат правно едуцирани и да побараат помош, но и транспарентност и отчетност од институциите.

Основните цели кон кои е насочена нашата работа и дејствување се:

- ✓ Да им се овозможи едукација и асистенција на граѓаните во насока на остварување на нивните права, со фокус кон ранливите и маргинализирани групи, посебно кон Ромите, во делот на здравствени и социјални права.
- ✓ Да се поттикнат институциите на системот на транспарентност и одговорност во работата, прилагодена спрема потребите на граѓаните.
- ✓ Да се промовира еднаквост на граѓаните по сите основи, преку преземање на активности за превенција и заштита од дискриминација.
- ✓ Да се поттикнат физичките и правните лица за нивно вклучување во акции од хуманитарен карактер, со цел намалување на сиромаштијата.
- ✓ Да се овозможат услови за мултиетничка и социјална кохезија и делување преку вклучување на лица од различни етнички, географски и социјален профил како можност да се постигне реален и ефективен придонес за позитивни општествени промени.
- ✓ Да се придонесе кон постигнување на родова рамноправност и справување со постојните нееднаквости помеѓу мажите и жените, во насока на унапредување на вклученоста на жените во општествените процеси.

**<u>ВИЗИЈА</u>**: Овозможен пристап до правда за секој граѓанин.

**<u>МИСИЈА</u>**: Да се остварат правните потреби на граѓаните преку поттикнување на отвореност и соработка на институциите.

## КЛУЧНИ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА СТАНИЦА ПЕТ 2024-2025

**Општа цел:** Да им се овозможи едукација и асистенција на граѓаните во насока на остварување на нивните права, со фокус кон ранливите и маргинализирани групи, посебно кон Ромите, во делот на здравствени и социјални права.

Преку континуираното спроведување на активности во заедницата, секојдневно се овозможува едукација на граѓаните во насока на остварување на нивните права, при што учат за правата и обврските кои произлегуваат од нив, се вклучуваат во различни активности, а особено се обрнува внимание на остварувањето на правата на маргинализираните групи на граѓани чиј пристап до институциите е отежнат поради различни економски, географски и социјални фактори. Токму поради тоа, Здружение Станица ПЕТ ќе ја продолжи континуирано работата на правната помош која се дава во главната канцеларија, но и во мобилните канцеларии во Мариово, општина Кривогаштани и општина Долнени. Исто така, ќе се работи на унапредување на работата на здравствените промотори во заедницата чија главна цел е едукација, грижа и помош при остварување на правата од здравствена заштита за маргинализираните групи на граѓани.

**Клучни цели:**

1. Да се поттикнат институциите на системот на транспарентност и одговорност во работата, прилагодена спрема потребите на граѓаните.

Оваа клучна цел ќе се постигне преку спроведување на конкретни активности и проекти во полето на транспарентност и отчетност на институциите како на локално, така и на национално ниво, насочени кон намалување на корупцијата, подигнување на нивото на отвореност на институциите кон граѓаните и кон остварувањето на нивните права, но и преку вклученост на сите засегнати страни во спроведување на процесите за обезбедување на инклузивно и еднакво општество за сите.

2. Да се промовира еднаквост на граѓаните по сите основи, преку преземање на активности за превенција и заштита од дискриминација.

Еднаквоста на граѓаните е еден од главните принципи и приоритети за здружението уште од основањето, при што се дава приоритет на еднаквоста како главен принцип во остварување на било кое право на граѓаните. Промоцијата на еднаквоста се постигнува на дневно ниво особено во приемот на странките кои доаѓаат за различна правна помош и поддршка во здружението, па и преку спроведување на сите активности и акции предвидени со тековните проекти на здружението. Станица ПЕТ и во следните две години ќе продолжи да работи на активна примена на принципот на еднаквост, унапредување на правата на граѓаните, а особено на маргинализираните групи и заедници.

3. Да се поттикнат физичките и правните лица за нивно вклучување во акции од хуманитарен карактер, со цел намалување на сиромаштијата.

Хуманитарниот карактер на здружението се согледува во секојдневното давање на бесплатна правна помош и услуги на сите граѓани кои имаат потреба од решавање на правните пречки и проблеми со кои се соочуваат. Воедно, целта на здружението е и да се поттикнат сите останати актери во заедницата, како физички така и правни лица активно да се вклучуваат во хуманитарни активности од различен карактер, како би се влијаело на намалување и искоренување на сиромаштијата. Ова ќе се постигне преку комуникација со страните, заедничко спроведување на проекти и активности на ова поле, обезбедување на едукација, обуки, вработување, заштита на правата на граѓаните и слично, со цел подобрување на општиот квалитет на живот на сите граѓани, но особено на маргинализираните групи и заедници и намалување на сиромаштијата.

4. Да се овозможат услови за мултиетничка и социјална кохезија и делување преку вклучување на лица од различни етнички, географски и социјален профил како можност да се постигне реален и ефективен придонес за позитивни општествени промени.

Во следните две години, здружението ќе продолжи да работи на обезбедување и подобрување на условите за мултиетничка и социјална кохезија, како на локално, така и на регионално ниво, со активно вклучување на сите актери од заедницата во ваков вид на активности. Изминатиот период особено се работеше на градење на односите помеѓу клучните засегнати страни (граѓани, граѓански сектор, институции, верски групи и лидери и др. ), па во догледно време се очекува подеднакво вклучување на истите во насока на унапредување и промоција на мултикултурализмот и социјалната кохезија, спроведување на заеднички активности, подобрување на квалитетот на живот на заедниците и заедничко решавање на клучните проблеми и недостатоци во пристапот до правда за сите подеднакво.

5. Да се придонесе кон постигнување на родова рамноправност и справување со постојните нееднаквости помеѓу мажите и жените, во насока на унапредување на вклученоста на жените во општествените процеси.

Здружението Станица ПЕТ во сите свои планови, активности и проекти дава приоритет на родовите прашања, идентитетот и постигнување на родова рамноправност. Со оглед на тоа што во изминатите години, особено дојде до израз потребата за унапредување на вклученоста на жените во општествените процеси, нивно активно дејствување во креирање на локални политики и зајакнување на нивното учество во општествениот живот, се јавува потребата за целисходно и долгорочно планирање на активности и проекти во ова поле. Поради тоа, Станица ПЕТ во следните две години, активно ќе партиципира во предлагање и спроведување на мерки и активности за унапредување на улогата на жената во општеството, особено на жените од маргинализираните групи и заедници (од ромската заедница, останатите етнички заедници, како и жените кои живеат во

руралните средини), подеднакво со мажите. Особено, од досегашното искуство се истакна како приоритет за работа активно вклучување на жените од помалите етнички заедници и жените кои живеат во руралните средини, кои се соочуваат со најразлични проблеми поврзани со здравствена заштита, образование, малолетнички бракови, вработување и права од работен однос и сл., при што здружението се обврзува активно да работи на подобрување на статусот на жената во општеството во следниот период. Како особено приоритетни активности во следниот период ги издвојуваме работата на детски бракови (спречување и унапредување на односите во семејството) преку различен вид на едукација и родово базираното насилство кое е особено актуелна тема во изминатиот период, а здружението има цел да стане лиценциран давател на социјални услуги за жртви на семејно и родово базирано насилство, со оглед на претходното искуство кое го поседува здружението во работата на ова поле.

# ПРОГРАМИ

- **ПРИСТАП ДО ПРАВДА**

- ✓ Правна едукација, правна помош и правно зјакнување на граѓаните за остварување на нивните права (социјална и детска заштита, здравствена заштита, лична документација и граѓански статус, домување, животна средина, вработување и др.)
- ✓ Социо-економско јакнење на младите од руралните средини
- ✓ Активности во рамки на сервисот за зајакната реинтеграција и ресоцијализација
- ✓ Следење на случаи на говор на омраза по различен основ и зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Република Северна Македонија
- ✓ Зајакнување на граѓанската отпорност против лажни вести и дезинформации.
- ✓ Активна работа на зајакнување на повратниците Роми преку еднаков пристап до економски и социјални права (овозможување на пристапот до образование и вработување)
- ✓ Активности за помош и справување со семејно и други форми на радово-базирано насилство
- ✓ Правно зајакнување на граѓаните, пријавување и институционално постапување во случаи на детски бракови
- ✓ Унапредување на работата на Мобилните канцеларии на Станица ПЕТ во трите општини (Кривогаштани, Долнени и Мариово)

- **ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АНТИ-КОРУПЦИЈА**

- ✓ Зголемување на ангажманот на заедницата и граѓанската отпорност во полето на подобрување на транспарентноста и отчетноста на институциите и намалување на штетните ефекти од корупцијата.
- ✓ Следење на јавни набавки особено на локално ниво и учество во развој на механизми за зајакната институционална отчетност.

- **ОРГАНИЗАЦИСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ**

- ✓ Јакнење на човечки и организациски капацитети во областите на истражување, работа со заедницата, стратешко планирање, транспарентност и отчетност во работата.
- ✓ Унапредување на работата на социјалното претпријатие Клуб ПЕТ и зголемена промоција

# СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КЛУБ ПЕТ“

Со цел да го унапреди остварувањето на мисијата за овозможување на пристап до правда за маргинализираните заедници, тимот на Здружението за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. од Прилеп непосредно по основањето во 2018 година, започна да ја истражува идејата за создавање социјално претпријатие. Првично, оваа идеја беше разгледувана и развивана како начин за вработување и зајакнување на припадниците на заедниците-корисници на услугите на здружението.

Како што тимот учеше и дознаваше повеќе за концептот на социјално претприемништво, го препозна потенцијалот за генерирање флексибилен приход за поддршка на здружението. Во процесот на скицирање на нови идеи, создавање прототипови и повторување, беа тестирани неколку различни концепти пред да се идентификува идеја подготвена за реализација.

Во 2019 година, анализирајќи ги најчестите проблеми и предизвици со кои се соочуваат маргинализираните и ранливи заедници, започна да развива идеи за социјално претпријатие кои би ја зголемиле социјалната вклученост. Така, дел од тимот на СТАНИЦА П.Е.Т. се приклучи на група организации кои работат на правно зајакнување во акцелераторска програма за социјално претприемништво водена од Академијата Акумен (+Acumen Academy), каде што започна да се развива оваа идеја и плановите за нејзино тестирање. Во рамки на оваа програма беше спроведено истражување на пазарот, составен финансиски план и дефиниран концептот со клиенти, сегменти и активности, при што сето ова укажуваше дека СТАНИЦА П.Е.Т. идентификувала силна, недоволно задоволена потреба на пазарот и одржливи дистрибутивни канали. На крајот на 2019 година тимот се приклучи на група организации за правно зајакнување кои развиваат социјални претпријатија, со поддршка од Фондација Отворено општество Македонија, а под менторство на ЦЕЕД Македонија (CEED Macedonia), при што беше креирана нова идеја за основање на социјално претпријатие – изнајмување на просторот на здружението за одржување на настани и индивидуална работа. Со оглед на тоа што здружението поседува простран канцелариски простор лоциран во централното градско подрачје - веќе важен овозможувач на работата на правно зајакнување - исто така може да биде извор на заработен приход. Прилеп дотогаш имаше на располагање само еден простор за организирање на настани (кој се наоѓа во хотел, со цени што се често превисоки за локалните граѓански организации, приватни или јавни претпријатија), па така СТАНИЦА П.Е.Т. започна да ја развива идејата за изнајмување делови од својата канцеларија за организирање настани до 30 лица, по разумни и флексибилни цени. Откако беа добиени позитивни повратни информации од работната група, тимот спроведе истражување на пазарот со потенцијални клиенти, разви финансиски план и започна со прототипирање на конфигурациите на просторот и ценовните структури. Во овој дел важна беше

предноста што основниот организациски буџет веќе ги покриваше фиксните трошоци (како што се електрична енергија и изнајмување) така што имаше можност за одржливо надоместување на трошоците за нова опрема и простор во разумна временска рамка на работа. Со помош на своите ментори, тимот креираше стратегија за продажба и ценовен модел што им овозможува на клиентите избор за изнајмување само на просторот како и во пакет со услуги за кафе пауза, кетеринг и освежување.

Како што се започнаа подготовките за пилотирање на идејата во 2020 година, избувна пандемијата на КОВИД-19, која го оневозможи одржувањето на настани во живо. Така, до крајот на 2020 година, се разгледуваа и други идеи за социјални претпријатија кои ќе се потпираат на помалку контакти во живо.

Така, во јануари 2021 година, со поддршка од Фондација Отворено општество Македонија, беа направени потребните преградувања на просторот и опремување, а веќе во април истата година започна со работа КЛУБ ПЕТ, социјално претпријатие кое нуди изнајмување на простор и услуги за организирање на настани, како и простор за индивидуална работа. За период од 9 месеци од започнувањето со работа, иако со рестрикции и ограничувања поради пандемијата, во КЛУБ ПЕТ се организирани 15тина еднодневни настани, а истиот од октомври 2021 година ги доби и своите први клиенти за индивидуална работа. Приходот кој се генерира од неговото функционирање се користи за зајакнување и унапредување на правната и параправната помош која здружението СТАНИЦА П.Е.Т. ја обезбедува за граѓаните од маргинализираните заедници, како и за одржување на Фондот за лична документација, преку кој здружението финансиски им помага на најранливите категории на граѓани за вадење на лични документи за остварување на нивните права.

КЛУБ ПЕТ е пионер во развивањето на модел на самоодржливост на услугите за правно зајакнување на заедниците во овој регион и како таков во иднина се очекува да продуцира раст и развој не само на неговата дејност туку и на услугите кои ќе ги одржува.

Во следниот период, социјалното претпријатие ќе се насочи кон активно и долгорочно прибирање на средства за унапредување на работата, промоција, зголемување на клиентите и подобрување на условите на просторот кој се изнајмува, преку обезбедување на дополнителни средства од донатори и генерирање на личен приход со цел подобрување на правната помош која здружението ја дава за маргинализираните групи на граѓани.

## ПЛАНИРАЊЕ, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Главната канцеларија и членовите на здружението ќе го оценуваат напредокот во постигнувањето на очекуваните резултати на годишна основа преку користење на различни алатки: вкупно изработени досиеја за предмети, извештаи од спроведени проекти и активности, објави на веб страната и социјалните мрежи на здружението, прашалници за евалуација на конкретни цели и активности и сл. Во годишните наративни извештаи ќе бидат прикажани активностите од тековните проекти, како и постигнатите резултати, во согласност со индикаторите поставени во проектните апликации.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН 2024-2025

Во следниот период здружението очекува зголемување на приходите по основ на донатори и реализација на проекти, како и од економската активност на социјалното претпријатие Клуб ПЕТ кое генерира приход од организација на настани и изнајмување на просторот за индивидуална работа.

## АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ, МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Најголемите ризици со кои се соочува здружението произлегуваат од економски, социјални и географски фактори. Ризиците особено се однесуваат на недостиг на средства за финанисирање на активности и реализација на целите на здружението, кои не секогаш се слични или исти со целите на донаторите. Поради тоа, здружението активно работи на унапредување на целите и следење на новите трендови, па токму поради тоа персоналот тековно се обучува за различни теми како што се заштита на животна средина, родови аспекти, вештачка интелегенција и дигитални технологии и сл.

Следен предизвик со кој се соочува здружението е географската поставеност во однос на главниот град, кој во многу случаи може да биде и предност со оглед на нашата достапност до заедниците со кои работиме, но сепак во дел претставува исклученост од институциите на национално ниво кои целосно ја насочуваат својата работа единствено во главниот град и најчесто се насочени кон поддршка на граѓанскиот сектор во скопскиот и полошкиот регион.

Останатите ризици се однесуваат на целните групи, кои често се соочуваат со неможност за остварување на различни права поради географската оддалеченост од општините во кои живеат, недостапност на интернет и други технички средства за комуникација, како и неможност да ги напуштат секојдневните работни обврски во селото каде живеат за да дојдат во градот и да се едуцираат и да ги остварат своите права. Здружението активно работи на намалување на штетните ефекти на овие ризици особено преку делување на Мобилните канцеларии во општините Кривогаштани, Долнени и Мариово со што се приближуваат поблиску до граѓаните за остварување на нивните права, како и ангажираните промотори во заедницата кои правата на граѓаните ги доведуваат поблиску до нив. Воедно, здружението има и активно разработена телефонска линија која функционира 24/7 со цел обезбедување на правна помош на граѓаните во било кое време.

# Здружение за правна едукација и транспарентност Станица ПЕТ

## - Прилеп –

## Стратешки план 2024 – 2025

www.stanicapet.org.mk
stanicapet@gmail.com
+389 76 278 753